РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1823/4
18-11-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 25-тата седница одржана на 12.11.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 12-1823/1 од 25.06.2025 година, со наводи против ---------- и --------, поранешни директори на Агенцијата ---------, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК нема елементи за натамошно постапување по предметот од причина што за предметниот случај во тек е постапка пред надлежен орган.

Предметот со број 12-1823/1 од 25.06.2025 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 25.06.2025 година, поднесена е пријава со наводи против ------- и ---------, поранешни директори на Агенцијата --------- и оформен е предмет број 12-1823/1 од 25.06.2025 година.

Имено, во пријавата е наведено дека лицата -------- и --------, поранешни директори на Агенцијата -------, во нивните персонални досиеја немале докази дека ги исполнувале условите предвидени во членот 10 од Законот за Агенција ---------, односно документација за докажување на следното:
- се државјанини на Република Северна Македонија,
- немаат државјанство на друга држава,
- имаат стекнато најмалку 240 кредити според ЕКТС, односно VII/1 степен на образование во научните подрачја: општествени науки, природно-математички или техничко-технолошки науки,

- имаат најмалку 12 години работно искуство, во областа на одбраната, безбедноста, односно разузнавањето или во области поврзани со нив, од кои најмалку пет години на раководни позиции во истите,
- поседуваат еден од следните меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:
1. ТОЕФЕЛ ИБТ - најмалку 74 бода,
2. ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
3. ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
4. ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
5. БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или
6. АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2),
- со правосилна судска пресуда да не им е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност,
- да не се членови на политичка партија или член на органи и тела на политичка партија,
- со безбедносна проверка, која се врши врз основа на негова претходна писмена согласност, да е утврдено дека не постои безбедносен ризик за нивното именување,
- да не е утврдено постоење на судир на интереси, односно да не е поведена постапка за постоење на судир на интереси, согласно со закон.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, со цел обезбедување на информација за тоа дали е оформен предмет со истите наводи.

Добиени се бараните информации и од увидот е утврдена следната фактичка состојба:
Во Основното јавно обвинителство – Скопје по препратена пријава од Јавното обвинителство на Република Северна Македонија е оформен предмет под број РО.бр.----/2025.
Наведено е дека од страна на надлежниот обвинител е доставена наредба за прибирање на податоци до Министерството за внатрешни работи на РСМ, Сектор за внатрешни работи Скопје, Единицата за економски и компјутерски криминал при МВР Скопје, како и дека предметот се наоѓа во фаза на предистражна постапка и дека сè уште немаат донесено јавнообвинителска одлука, а откако ќе бидат обезбедени истите ќе биде донесена јавнообвинителска одлука.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот – за предметниот случај во тек е постапка пред надлежен орган - Основното јавно обвинителство Скопје, кој оформил предмет во врска со предметните наводи, а постапувањето по истиот е во тек.

Заменик претседател

м-р Цвета Ристовска

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: Б.Ц., Член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut